# РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

**КОМИСИЈА ЗА ЗАШТИТА НА ПРАВОТО ЗА СЛОБОДЕН ПРИСТАП ДО ИНФОРМАЦИИТЕ ОД ЈАВЕН КАРАКТЕР**

# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ

**за работата на Комисијата за заштита на правото за слободен пристап до информациите од јавен карактер од 1 јануари до 31 декември 2012 година**

**Скопје, март 2013 година**

# Содржина


**ВОВЕД** ........ **3**

**1. НАДЛЕЖНОСТИ НА КОМИСИЈАТА** ........ **7**

**2. ОДЛУЧУВАЊЕ ПО ЖАЛБИ** ........ **8**

2.1 Решени предмети и нивна структура ........ 10

2.2 Жалби поднесени против имателите на информации ........ 13

*2.2.1 Карактер на поднесени Жалби* ........ *14*

*2.2.2 Состојба на предметите по тужби* ........ *16*

**3. СПРОВЕДУВАЊЕ И ИСКУСТВА ОД ПРИМЕНАТА НА ЗАКОНОТ ВО 2012 ГОДИНА** ........ **17**

**4. ЛИСТА НА ИМАТЕЛИ НА ИНФОРМАЦИИ** ........ **19**

4.1 Содржина на годишните извештаи ........ 20

*4.1.1. Годишни извештаи на имателите* ........ *22*

*4.1.2 Соработка со службени лица кај имателите* ........ *27*

*4.1.3 Нецелосни извештаи и евидентирани неправилности* ........ *28*

**5. ЈАВНОСТ ВО РАБОТАТА** ........ **29**

**6. ВЕБ СТРАНИЦА НА КОМИСИЈАТА** ........ **30**

**7. ОБУКИ И ЕДУКАЦИЈА** ........ **34**

**8. МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА** ........ **37**

**9. АДМИНИСТРАЦИЈА, ЧОВЕЧКИ РЕСУРСИ И БУЏЕТ** ........ **40**

9.1 Администрација ........ 40

9.2 Човечки ресурси ........ 41

9.3 Буџет ........ 41

# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ

**за работата на Комисијата за заштита на правото за слободен пристап до информациите од јавен карактер од 1 јануари до 31 декември 2012 година**

## Вовед

Комисијата за заштита на правото на слободен пристап до информациите од јавен карактер (во натамошниот текст Комисија) Ви го претставува седмиот Годишен извештај, по донесувањето на Законот за слободен пристап до информациите од јавен карактер (во натамошниот текст Закон).

За извештајниот период за 2012 година Ве запознаваме со вообичаените показатели на имплементацијата на Законот за слободен пристап до информациите од јавен карактер, кој во Република Македонија заштитува едно, условно речено, релативно ново фундаментално човеково право имплементирано на нејзиниот простор.

Колку за запознавање, наведениот Закон во Република Македонија се применува повеќе од шест години. Собранието на Република Македонија го донесе на 25 јануари 2006 година, а почна да се применува од 1 септември истата година. Позначајни промени претрпе на почетокот на 2010 година, со Законот за измени и дополнувања на Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер, чија примена започна од 1 јуни 2010 година.

Податоците во Годишниот извештај за 2012 година, за разлика од досегашните извештаи кои покажуваа слични карактеристики, движења и постигнувања, значајни за целиот изминат период од примената на Законот, покажуваат навидум високи бројки, што не значи дека истите, покрај зголемениот обем на работа на Секретаријатот на Комисијата, покажуваат новонастанати ситуации во смисла на спроведувањето на Законот.

Комисијата досега ја утврди бројката од 1.253 иматели на информации од јавен карактер. Сите тие се запишани во официјалната Листа на иматели, за која Комисијата води уредна евиденција и која, согласно своите законски надлежности, постојано ја ажурира.

За седум години од нејзиното работење до Комисијата се поднесени 3.545 жалби против оневозможување на пристап до информации од јавен карактер. Индикативно е дека, и покрај бројните обуки и работилници што ги изведе Комисијата, а беа наменети за службените лица кои посредуваат со информациите од јавен карактер на нивните институции, молкот на администрацијата претставувал основ за поднесување на 2.711 жалби. Тоа ја

наметнува потребата од натамошна едукација, која покрај нив, ќе ги опфати и одговорните лица, односно раководните структури кај имателите.

Комисијата, постапувајќи по жалбите, позитивно се изјасни по 2.583 жалби. Ваквите решенија, со мнозинство од гласовите на членовите на Комисијата, се прифатени на вкупно одржаните 204 седници на Комисијата.

Притоа ја истакнуваме и медијаторската улога на Комисијата, која што во текот на примената на Законот успеа не само да арбитрира, туку и во одделни случаи кога словото на Законот е недоречено, да ја оствари основната цел на законот, а тоа е барателот да ја добие бараната информација, во бараната, или во друга најпогодна форма.

Токму во таа насока Комисијата, секогаш поаѓајќи од основната цел на Законот – обезбедување јавност и отвореност во работењето на имателите на информации, односно овозможување на барателите да го остваруваат правото на слободен пристап до нивните информации од јавен карактер - Комисијата, заедно со надлежните државни органи и невладините организации, преземаше мерки и учествуваше во работата врз две измени и дополнувања на Законот. Моментално се работи на трета измена на Законот, во функција на која Комисијата достави свои предлози до Министерството за правда, а од што очекува донесување измени во Законот со цел за негова посоодветна примена, како за барателите, така и за имателите на информации.

Комисијата смета дека во досегашниот период од нејзиното работење успеа да го подигне новото демократско право не само до стабилна, туку гледано компаративно со земјите од поширокиот регион и со некои европски земји, на една завидна позиција. Во тој прилог оди и поддршката што Собранието на Република Македонија и ја дава на Комисијата низ позитивните оценки за нејзините годишни извештаи.

Комисијата, и покрај скромниот, да не речеме ни од далеку недоволен буџет за извршување на нејзините надлежности, континуирано изведуваше едукација како за барателите, така и за имателите на информации. Иако без доволно кадровски и финансиски капацитети, работеше и постигна позитивни резултати.

Користејќи повеќе форми на едукација, покрај дообучувањето на самата Комисија и на вработените во Секретаријатот, Комисијата разменува и искуства со исти или сродни институции од земјите од Европската Унија. Така, на пример, со помош на TAIEX инструментот на Европската Комисија беа вклучени речиси сите структури на учесниците во процесот на слободниот пристап.

За илустрација - во периодот февруари - јуни 2012 година во просториите на Комисијата беа одржани 15 обуки за 147 службени лица кои

посредуваат со информациите на органите на државната власт, општините, јавните установи, јавните претпријатија и од правни лица кои вршат јавни овластувања. Циклусот на обуки имаше за цел да се подигне свеста за значењето на ова право кое граѓаните како баратели можат да го користат, како и да се подигне степенот на имплементација на Законот во пракса од страна на службените лица.

Со иста цел Комисијата континуирано ја одржува и надополнува својата WEB страница на македонски, на албански и на англиски јазик. Содржините поместени на страницата, исто така, претставуваат придонес во унапредувањето на комуникацијата со граѓаните, односно со сите баратели на информации од јавен карактер, а може да се третираат и како елемент на едукација преку пренесување на легислативата и практиката на примена на правото.

Во текот на извештајната 2012 година Комисијата имаше мошне плодна меѓународна соработка со сродни институции.

Започна со Меморандумот за соработка потпишан од претседателот на Комисијата Пеце Ташевски и од Комесарот за информации на Република Словенија Наташа Пирц. Со овој документ двете институции се обврзаа да ја развиваат соработката на полето на заштитата на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер, со почитување на законодавството на своите држави и, нормално, согласно потребите и конкретните можности.
Потоа, делегација составена од експерти на Оценската мисија СИГМА, предводена од Симон Џејмс, ја посети Комисијата при што доби детален приказ на шестгодишното работење на Комисијата.

Посета, на барање на Комисијата, оствари и делегација на Амбасадата на САД во Република Македонија, предводена од г-ѓа Џесика Џон. Таа истакна дека постигнатите резултати на Комисијата се за респект и дека во интерес на остварувањето на едно од основните човекови фундаментални права е натамошната размена на искуствата меѓу двете земји во оваа сфера.

Комисијата беше посетена и од делегација од Европската Комисија, предводена од Елвис Али. Целта на средбата, беше продолжување на дијалогот на работно ниво.

Соработката со Мисијата на ОБСЕ во Скопје беше продлабочена со Меморандумот за соработка потпишан од амбасадорот Ралф Брет и претседателот на Комисијата. Тоа резултираше со реализација на заедничкиот проект на Мисијата на ОБСЕ во Скопје и Комисијата, со кој беа опфатени 27 општини во Република Македонија со мешан етнички состав и околу 80 претставници од Здруженија на граѓани и фондации, од медиуми, како и службени лица и советници од единиците на локалната самоуправа. Учесниците на работилниците се стекнаа со знаења за начинот на

остварување на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер, како и за комуникациските вештини и учеството на граѓаните во донесување на одлуките. Тренери на работилниците беа стручни лица од Мисијата на ОБСЕ во Скопје и од Комисијата за заштита на правото за слободен пристап до информациите од јавен карактер.

Исто така, во организација на Европската Комисија, преку инструментот TAIEX, а во соработка со Комисијата, се одржа дводневна Експертска мисија на тема: „Компаративни искуства од жалбената постапка и улогата на комисионерите, комисиите и другите тела во посредувањето со информациите од јавен карактер“.

Преку инструментот TAIEX, претставници од Комисијата реализираа и работна посета на Република Естонија. Притоа беа остварени средби во Канцеларијата на Академијата за е-владеење и Инспекторатот за заштита на личните податоци, на кои се дискутираше на темата „Системот на електронски пристап до информации од јавен карактер и неговата имплементација во Република Естонија”.

По повод меѓународниот ден за слободен пристап до информации „**имам право да знам**”, на 28 септември 2012 година, се одржа работилница за критериумите на тестот на штетност со цел утврдување на исклучоците на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер. И овој настан беше во организација на Европската Комисија, преку инструментот TAIEX.

Покрај погоренаведеното, вредно е за споменување и дека Претседателот на Комисијата Ташевски и Комесарот за информации на Обединетото Кралство, Кристофер Грахам, потпишаа и разменија писмо за соработка меѓу двете институции, како и дека делегација на Комисијата престојуваше во работна посета на Канцеларијата на Федералниот Комисионер за заштита на личните податоци и слобода на информирање во Берлин.

Делегација на Комисијата учествуваше и на Работилница за слободниот пристап до информации од јавен карактер што се одржа во Даниловград, Црна Гора. На работилницата во организација на RESPA-Регионална школа за јавна администрација, учествуваа и претставници од Црна Гора, Србија, Хрватска, Албанија, Босна и Херцеговина и од Косово.

Постигнувањата на Комисијата во 2012 година само ги потврдуваат горе наведените констатации и бројки. Притоа, вообичаено е бројот на поднесени жалби да варира од година во година. Тоа најмногу зависи од интересот на здруженијата на граѓани и фондации, кои претставуваат најголем процент од барателите, односно жалителите, а кои Законот го користат за реализација на повеќе нивни проекти или истражувања.

Во извештајната 2012 година до Комисијата беа поднесени 1.225 жалби, што е значително зголемен број во однос на 409-те жалби поднесени во претходната година. Ова не е податок кој треба да радува, или загрижува, бидејќи во година кога драстично е зголемен бројот на барања за слободен пристап до информации, нормално е да биде зголемен и бројот на жалби. Ова особено кога станува збор за барател од типот на невладина организација со долгогодишно искуство во областа на слободниот пристап до информации и од друга страна имател кој за прв пат се соочува со такви барања.

Како и да е, општ впечаток е дека имателите на информации полека, но сигурно, ја сфаќаат сериозноста на Законот и се отвораат кон барателите. За наведеното, сепак, најзаслужна е Комисијата која и покрај скромниот кадровски состав на Секретаријатот и уште поскромен буџет, со организирање бесплатни обуки, давање стручна помош и на имателите и на барателите, како и со практицирање на ненормирана улога на своевиден посредник меѓу едните и другите, успеа од Република Македонија да направи плодна почва за реализација на слободниот пристап до информации од јавен карактер.

## 1. Надлежности на Комисијата

Комисијата е независна во своето работење и во донесувањето на одлуки согласно законските надлежности. Комисијата за својата работа одговара пред Собранието на Република Македонија, до кое поднесува Годишен извештај.

Комисијата е составена од претседател, заменик на претседателот и три члена кои функцијата ја извршуваат професионално, со мандат од 5 години, со право за повторен избор.

Комисијата работите од својата надлежност, како независно, колективно тело ги врши на седници.

Комисијата, согласно член 32 од Законот, ги врши следните надлежности:

- одлучува по жалби против решението и заклучокот со кој имателот на информацијата го одбил барањето за пристап до информации на барателите на информации;

- се грижи за спроведување на одредбите од овој закон;

- подготвува и објавува листа на иматели на информации;

-дава мислења по предлози на закони со кои се уредува слободен пристап до информации;

-презема активности на планот на едукацијата на имателите на информации за овозможување на барателите слободен пристап до информациите со кои тие располагаат;

- соработува со имателите на информации во однос на остварувањето на правото на пристап до информации;

- дава предлози за потребните средства за работа на Комисијата при изготвувањето на Буџетот на Република Македонија;

- донесува Деловник за својата работа;

- подготвува Годишен извештај за својата работа и го доставува до Собранието на Република Македонија;

-извршува работи на меѓународна соработка поврзани со извршувањето на меѓународните обврски на Република Македонија, учество во спроведувањето на проекти на меѓународните организации и соработува со органите на другите земји и институции од областа на слободниот пристап до информации од јавен карактер;

- донесува акти со кои го уредува начинот на работа и организација на Комисијата;

- врши промоција на правото на слободниот пристап до информации од јавен карактер и,

- врши и други работи утврдени со овој и друг закон.

## 2. Одлучување по жалби

Право на правна заштита согласно Законот има само барателот кој поднел писмено барање за пристап до информации.

Жалбата согласно Законот може директно да се поднесе до Комисијата или ако се примени Законот за општата управна постапка жалбата може да се поднесе и преку имателот на информации. Доколку жалбата директно е доставена до Комисијата таа веднаш по добивањето ја препраќа до имателот на информацијата, кој во рок од три дена треба да се произнесе по истата и до Комисијата да ги достави сите списи во врска со предметот.

Врз основа на податоците на Одделението за аналитика и едукација на барателите и имателите на информации од јавен карактер на Секретаријатот на Комисијата, во текот на 2012 година поднесени се **1225** жалби.

Поднесувањето на жалбите по месеци е следно: во месец јануари - **14**, февруари - **18**, март - **62**, април - **28**, мај - **16**, јуни - **5**, јули - **40**, август - **183**, септември - **21**, во октомври беа поднесени најголем број на жалби- **722**, ноември - **72** и во месец декември 2012 година - **44** жалби.

Треба да се нагласи дека од вкупниот број на поднесени жалби 1225- **151** жалба се изјавени од физички лица, додека **1074** жалби се изјавени од Здруженија на граѓани и фондации (Фондација Отворено општество Македонија, Здружение за еманципација, солидарност и еднаквост на жените во Република Македонија - ЕСЕ, Здружение за унапредување на родовата еднаквост „Акција Здруженска“ од Скопје, Македонско здружение на Млади Правници, Здружение Транспаренси Интернешнл-Македонија и др.). Овие бројки укажуваат на фактот дека и во овој извештаен период доминираат жалбите изјавени од здруженија на граѓани и фондации во споредба со жалбите изјавени од граѓани.




**Графикон 1: Број на поднесени жалби по месеци**

Во 2012 година, најголем број од поднесените жалби до Комисијата- **907** жалби или околу 74,04% се поради “молчење на администрацијата“, односно поради непостапување на имателите на информации по барањата за слободен пристап во законски предвидениот рок -30, односно 40 дена. Потоа следат **280** жалби поднесени против одговор на имателите на информации, **18** жалби поднесени против решение за одбивање на барањето, **10** жалби поднесени против известување на имателите на информацијата и **10** жалби поднесени против заклучок на имателите на информации.




**Графикон 2: Компаративни податоци по години**

## *2.1 Решени предмети и нивна структура*

Комисијата во 2012 година одржа **22** седници, на кои по спроведената постапка по 1225 жалби донесе **442** решенија и **711** заклучоци, додека **72** жалби се пренесени во 2013 година.

Во однос на решените предмети и нивната структура, состојбата е следна:

-**162** решенија со кои жалбата се уважува и се задолжува имателот да ја даде бараната информација;

-**103** решенија со кои жалбата се отфрла како недопуштена;

-**52** решенија со кои жалбата се одбива како неоснована;

-**25** решенија со кои жалбата се уважува и предметот се враќа на повторно постапување кај првостепениот орган;

-**87** решенија со кои жалбата се уважува, оспореното решение се поништува и предметот се враќа на повторно постапување пред првостепениот орган;

- **6** решенија со кои жалбата се уважува, оспореното решение или заклучок се поништува и се задолжува имателот да ја даде бараната информација;

-5 решенија со кои жалбата се одбива како неоснована и се утврдува дека решението или заклучокот на првостепениот орган се правилни и врз закон засновани;

-**1** решение со кое жалбата во дел се уважува, а во дел се одбива како неоснована;

-1 решение со кое жалбата се отфрла како предвремена.

-**265** заклучоци со кои постапката по жалба се запира поради доставување на бараната информација;

-**446** заклучоци со кои постапката по жалба се запира поради повлекување на жалбата.




**Графикон 3: Решени предмети и нивна структура**

Комисијата по **281** жалба се изјаснила позитивно во интерес на барателите на информации. Исто така, голем е и бројот на донесени заклучоци - **711** за запирање на постапката по жалбата поради доставување на бараната информација или повлекување на жалбата, односно информациите до барателите се доставени но со задоцнување, по препраќањето на жалбата до имателот на информацијата и благодарение на посредувањето на Комисијата, што може да се види и од графичкиот приказ.

Од ова произлегува дека Комисијата во **80,97%** во однос на вкупниот број поднесени жалби донела позитивна одлука за барателите, но сепак

барателите ги добиле бараните информации после законски предвидениот рок, што пак упатува на констатација за неспроведување на постапката по барањата согласно, роковите предвидени во Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер.

Комисијата преку спроведување на обуки се залага на имателите на информации да им ја наметне потребата од правилна примена на Законот со што, барателите ќе го остварат своето уставно и законски гарантирано човеково право.

Голем број на граѓани, за кои всушност овој закон значи можност преку кој добиваат информации кои се од значење за нив, со поднесоци ја известуваат Комисијата дека ја добиле бараната информација, во поголем број на случаи со посредство на Комисијата, и дека овој закон многу им помогнал во остварувањето на нивните права за пристап до информација од јавен карактер.

## *2.2 Жалби поднесени против имателите на информации*

Во однос на жалбите поднесени во текот на 2012 година, Комисијата констатира дека поголемиот број на жалби се изјавени против:

- јавните здравствени установи-**525**;
- државни институции на централно ниво-**396**;
- институции на локално ниво-општините-**226;**
- судска власт-**44;**
- правни и физички лица кои вршат јавни овластувања-**17;**
- јавни претпријатија-**11** и
- образовни институции-**6.**




**Графикон 4: Жалби поднесени против иматели на информации**

## 2.2.1 Карактер на поднесени Жалби

Во Законот се предвидени случаите кога барателите на информации имаат право да поднесат Жалби до Комисијата.

Од вкупно поднесените **1225** жалби, **907** жалби се поднесени поради т.н. молчење на администрација, против Решение на имателот со кое жалбата е одбиена бидејќи барањето претставува исклучок од слободниот пристап поднесени се **18** жалби, против Заклучок на имателот со кој постапката се прекинува бидејќи имателот не располага со бараната информација поднесени се **10** жалби, против одговорот на имателот **280** жалби и против известувањето на имателот **10** жалби.

Најмногу Жалби се поднесени против јавни здравствени установи и здравствени домови, државните институции на централно ниво и институциите на локално ниво.

Граѓаните најчесто поднесуваа Жалби поради тоа што не им беше овозможен пристап до информации од јавен карактер со кои располагаат државните институции и тоа: Одлуки, Решенија, Упатство, Заклучоци од седници, Пресуди, информации за кампањи, договор за инвестиција во индустриска зона; спис од предметите за денационализација и катастарски предмети, податоци за субвенционираните земјоделци и сл. Жалби поднесуваа и против судовите и општините поради недоставување на: статистички податоци за предметите во судовите и видот на донесените одлуки, копии од дозволи, наредби, решенија и пресуди, списи од предмети

за кои се води стечајна постапка, купопродажни договори, список од отстранети времени објекти, записник за извршено уништување на објект, изводи од Детален урбанистички план, Одобренија за градење, Надзорни извештаи, Програми и подпрограми на општините, оневозможување на увид во судски предмет и проектна документација. Правните и физичките лица кои вршат јавни овластувања не им овозможуваа пристап до документација на стечаен должник, Деловодник, Решение, Записник, Договори, Годишни извештаи и известувања од анализи, Програми за работа и др. акти, а здравстените установи не им овозможуваа пристап до нумерички податоци за починати лица од карцином, копија од актот за систематизација на работните места како и копија од решенијата на физиотерапевтите.

Од жалбите евидентирани во Комисијата, може да се констатира дека во 2012 година, најмногу барања се поднесени до Комисијата за верификација на фактите и здравствените установи и заводи за здравствена заштита низ цела Македонија.

Поголем број жалби беа поднесени од здруженија на граѓани и фондации поради тоа што не им беше овозможен пристап до информациите од јавен карактер од страна на Комисијата за верификација на фактите за: бројот на одржани седници на Комисијата и записници, извештаите за работа доставени до Собранието на РМ, опис на работните задачи и број на членови во Секретаријатот на Комисијата, статистички податоци во врска со надлежностите и работата на Комисијата како: број на поднесени барања до надлежниот суд за поведување на прекршочна постапка, дали одредени лица ја исполниле обврската за поднесување на писмена изјава за несоработка со органите на државната безбеност до Комисијата и вкупен број на писмени изјави, број на обработени досиеа, број на одлуки што ги донела Комисијата и број на решенија за неисполнување на условот за вршење на јавна функција, број на предмети по кои постапувале и другите органи по барање на Комисијата, број на лица заведени во регистрот на лица кои не го исполнуваат условот за вршење на јавна функција и сл.

Здруженијата на граѓани и фондации поднесуваа жалби до Комисијата поради недоставување одговори од повеќе иматели на информации за барања кои се однесувааат на: Извештаи, Анализи, мислења за закони, предлог-закони, информации за постапките по пријави за дискриминација и нееднаков третман, податоци за комисиите за еднакви можности помеѓу мажите и жените, информации за билатералната соработка на Министерството за внатрешни работи на Република Македонија со надлежните министерства во балканските земји, податоци за пратениците од Собранието на РМ кои одржале средби со граѓаните на општината, колку средби одржале и на кои од пратениците им е обезбедена просторија за

контакт, Нумерички податоци за структурата на одобрени барања за бесплатна правна помош, Листа на адвокати, даватели на бесплатна правна помош и решенија за нивно ангажирање во конкретни предмети, број на обуки спроведени за адвокати и судии, Решенија, записници од седници, Правилници, Статути, Деловници за работа, договори, одлуки, биографии за избрани кандидати, копии од изјави за судир на интереси, програми за работа на институциите, списоци на вработени, увид и копии од тендерска документација, завршни сметки за буџетот на општината, Елаборати од Детален Урбанистики план, стенограми од седници и сл.

Повеќе од половина од жалбите евидентирани во 2012 година, беа повлечени во текот на жалбената постапка, по разни основи. Тука се вбројуваат и 522-те жалби изјавени од Здружението на граѓани ЕСЕ поднесени против 50-тина здравствени установи и здравствени домови од цела Македонија. Овие жалби беа повлечени затоа што барателот ги доби бараните информации по поднесувањето на жалбите.

### 2.2.2 Состојба на предметите по тужби

Против конечните одлуки на Комисијата, во 2012 година беа поднесени вкупно **93 тужби** за поведување управни спорови и тоа:

- **85** тужби од здруженија на граѓани и фондации;
- **8** тужби од физички лица;

Од вкупно **93**-те тужби поднесени до Управниот суд за поведување управен спор;

- **3** тужби се поднесени против Решенија на Комисијата со кои жалбата се уважува и се задолжува имателот да ја даде бараната информација;
- **7** тужби се поднесени против Решенија на Комисијата со кои жалбите се одбиваат како неосновани;
- **80** тужби се поднесени против Решението на Комисијата со кое жалбата се отфрла како неоснована;
- **1** тужба е поднесена против Решението на Комисијата со кое жалбата се уважува и предметот се враќа на повторно постапување пред првостепениот орган; и
- **2** тужби се поднесени поради молчење на Комисијата.

По сите  тужби Комисијата постапи и достави одговор до Управниот суд.

Во 2012 година Вишиот Управен суд достави 15 Жалби поднесени против Решенија на Управниот суд, за произнесување на Комисијата. По сите Жалби Комисијата постапи и достави одговор до Вишиот управен суд.




**Графикон 5: Поднесени тужби по донесени одлуки на Комисијата**

## 3. Спроведување и искуства од примената на Законот во 2012 година

Комисијата и во текот 2012 година, продолжи да се грижи за имплементацијата на одредбите на Законот со цел да ги реализира надлежностите на начин кој е предвиден во Законот.

Доследната примена на одредбите на Законот е во директна корелација со волјата, стручноста и професионалноста на институциите, иматели на информации.

Комисијата и во 2012 година, продолжи со преземање на активности на планот на едукација на имателите на информации.  Во таа насока, Комисијата организира 15 обуки за вкупно 147 службени лица од државната и јавната администрација во период од 09.02. до 14. 06. 2012 година. Исто така во соработка со ОБСЕ, изведоа обуки чија цел беше подигнување на јавната свест и степенот на запознаеност на граѓаните и здруженијата со Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер и можностите кои произлегуваат од него, како и начинот на остварување на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер. Од комуникацијата со

присутните лица на обуките може да се констатира дека се уште постои потреба од континуирани обуки со примери од примената на Законот. За поефикасно остварување на наведената цел, потребно е да се пристапи кон изменување и дополнување на Законот со што обуките ќе бидат предвидени во Законот и задолжителни за сите службени лица кај имателите на информации.

И покрај измените и дополнувањата на Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер усвоени 2010 година, со кои дилемите во врска со т.н “молчење на администрација“ се надминати и Законот е целосно усогласен со одредбите на Законот за општата управна постапка, “молчењето на администрацијата“ и понатаму е најголема причина поради кои барателите поднесуваат жалби до Комисијата.

Ова се потврдува и од бројот на поднесените 907 жалби поради “молчење на администрацијата“, што претставува **74,04% од вкупниот број на поднесени жалби (1225).**

Комисијата укажува на уште една недоследна примена на одредбите на Законот.

Со измените и дополнувањата на Законот од 2010 година, беше воведена задолжителна обврска за имателите на информации да го спроведат “тестот на штетност“ кога го одбиваат пристапот до бараната информација согласно со членот 6. Но и покрај ова и понатаму некои од имателите не го спроведуваат „тестот на штетност“, поради што Комисијата таквите решенија ги поништува и предметот го враќа на повторно постапување пред првостепениот орган.

Досегашната пракса покажува дека имателите на информации после спроведување на обуките од страна на Комисијата почнуваат да го спроведуваат тестот на штетност.

Во случај кога одредена информација содржи одредени делови кои претставуваат исклучок од слободниот пристап, а други делови кои се од јавен карактер, тогаш имателот на информацијата треба да му овозможи на барателот делумен пристап со видливо означување на деловите кои недостасуваат ( на пример бришење на лични податоци).

Согласно надлежностите кои произлегуваат од Законот или од матичните закони на институциите, Комисијата редовно ја ажурира Листата на иматели и или ја дополнува или одредени иматели ги брише.

Комисијата работејќи на апроксимација на Европското законодавство, достави свои предлози до Министерството за правда, а од што очекува донесување измени во Законот кои на барателите ќе им овозможат побрз и полесен пристап до бараните информации.

## 4. Листа на иматели на информации

Во годината што е предмет на овој извештај на Листата на иматели се опфатени **1253** субјекти, или за шест повеќе во однос на институциите евидентирани во претходната година.




**Графикон: Листа на иматели на информации од јавен карактер**

Трендот на пораст на иматели што минатата година беше воочлив пред се кај здравствените институции, продолжи и оваа извештајна година со што од постојните 108, нивниот број порасна на **111**. Два иматела повеќе во однос на минатогодишниот извештај се евидентирани и во линкот Јавни претпријатија и установи, каде бројот на субјектите достигна **299**. Од минатогодишните 519, бројот на иматели што вршат образовна дејност се искачи на **520**, а пораст е забележан и кај Правните и физички лица што вршат јавни овластувања, каде бројот на регистрирани субјекти достигна **37,** во споредба со минатогодишните 36 иматели.

Листата на иматели во делот кој се однесува на Државните институции содржи **120** иматели. Од аспект на бројот на иматели - непроменет е и линкот Судската власт со **80** субјекти, како и делот од Листата со Единиците на

локалната самоуправа вклучително со Градот Скопје и Заедницата на единиците на локалната самоуправа со вкупно **86** регистрирани иматели.

### *4.1 Содржина на годишните извештаи*

Обработката на пристигнатите податоци говори за поднесени **4.865** барања во извештајната 2012 година, што е најголема бројка од почетокот на имплементација на Законот. Евидентен е порастот на бројот на барањата поднесени од страна на здруженијата на граѓани и фондации, или преку нивни ополномоштени лица и адвокатски застапници. Во **87%** тие фигурираат како подносители на барањата, додека граѓаните поднеле **13%** од заведените барања кај имателите.

Од вкупниот број барања, над **41**% биле упатени до државните институции, а **25%** од барањата се евидентирани од страна на единиците на локалната самоуправа. Со исклучок на правните и физички лица чија дејност судејќи според поднесените **40** барања не била посебно интересна за барателите, до имателите од здравствената, судската, образовната дејност, како и до јавните претпријатија и установи се поднесени поголем број барања во однос на претходната година.

Анализата на пристигнатите извештаи упатува на констатација дека едукативниот пристап на Комисијата за време на обуките, резултираше со позитивни ефекти. Најголемиот број обрасци за разлика од претходините години правилно се пополнети, така што матичните броеви, домашните адреси и мобилните телефони на службените лица не се веќе составен дел од извештаите! Сепак, останува забелешката дека дел од одговорните лица се назначуваат себе си за службени лица, што според досегашното искуство не придонесува за успешно спроведување на Законот.

И овојпат барањата се однесуваат на прашања од најразлични сфери на интерес. До сите иматели кои примиле повеќе од едно барање, речиси без исклучок биле доставени поднесоци односно прашања, кои се однесувале на организационата поставеност, спроведените евентуални постапки за вработувања на одредено и неодредено време, вкупниот број на вработените во институцијата, како и за текот и реализацијата на јавните набавки. Интересни за барателите биле и повеќе одлуки за назначување и разрешување на членови на управни и надзорни органи, записници за одржани наставно-научни седници и совети, за потпишани договори за размена на студенти, како и разни подзаконски акти, планови и програми за работа на одделни институции.

Барателите се интересирале и за бројот на пресудите на Европскиот суд за човекови права, за бројот на апликации за експертска помош, за податоци за бројот на лица кои примаат парични надоместоци по различни основи, за

родовата еднаквост и за еднаквите можности и антидискриминацијата, како и податоци за прилив и одлив на невработени лица по месеци во тековната година. Исто така, примени се и барања кои се однесуваат на постапки за оцена на влијанијата на животната средина, за индустриски загадувања, правата на пациентите во здравствените установи и финансиските средства предвидени за давање на правни совети за заштита на пациентите, како и за начинот на кој се водат досиејата за поплаките на пациентите.

Во извештаите се прикажани барања за правилници за методологија и за утврдување на сложеноста на предметите по кои постапуваат судовите, годишните планови за управување со движење на судските предмети, стратегијата за утврдување на бројот на судии и јавни обвинители, студија за определување на цената на чинење на судските предмети, за упатството за начинот на објавување и пребарување на судските одлуки на веб страните на судовите, за број на опомени изречени во прекршочна постапка, како и за добивање записници од одржани судски расправи, за текот на одредени судски предмети и постапки.

До единиците за локална самоуправа биле доставувани барања за информации од областа на денационализацијата, уредувањето и урбанизацијата на одделни урбанистички планови, за акции за легализација на земјиштето и приватен имот, промоција на развојни, стратешки и организациони акти, висината на комуналните такси, за одржување на јавната чистота, изградбата, одржувањето и заштитата на локални улици и патишта, како и за начинот на реализација на годишните програми и буџети на општините.

Значителен број прашања овојпат се во врска со работењето на Комисијата за верификација на факти и надлежностите на Министерството за внатрешни работи. Од Владата на Република Македонија е побарана физибилити студија и оперативен план за воспоставување на едношалтерски систем за дозволи и лиценци, појаснувања за набавките на дефилибратори, антикризните мерки усвоени од страна на Владата, износот на потрошените средства за интернет маркетинг и по кои критериуми се избрани веб страниците за рекламирање.  Барателите, меѓу другото се интересирале и за усвоената информација со упатства и заклучоци на Владата поврзана со анализа на посебни закони со кои се уредува јавното-приватно партнерство, квартални извештаи за случаи на корупција, како и за цената на чинење на кампањата „Македонија без корупција“.

Од страна на Здружението на граѓани ЕСЕ – Скопје до Здравствените домови и другите институции од оваа сфера, во форма на циркулар беа доставени барања за информации во врска со заштитата на правата на пациентите, бројот на поднесени поплаки од страна на пациентите и др.

### 4.1.1. Годишни извештаи на имателите

Од вкупно **1253** институции евидентирани на ажурираната и прочистена Листа, годишни извештаи во законски определениот рок до Комисијата доставија **830** субјекти, или **66%** од вкупниот број регистирани иматели. Службените лица доставија и **21** нецелосен односно погрешно пополнет извештај, поради што содржаните податоци, пред се за бројот на примените и одговорените барања, не беа земени во предвид. Во пропишаниот рок лицата задолжени за имплементација на Законот кај **423** иматели не доставија годишни извештаи, така што не е можно да се процени дали имало поднесени барања согласно законот и како било постапено по нив.

Во поглед на доставувањето на годишни извештаи, најголем одзив е евидентиран кај државните институции, каде од вкупно **120** субјекти, **116** иматели доставија извештаи, додека само **4** државни органи не ја испочитуваа законската обврска. Ова е досега највисока бројка на доставени извештаи од институциите, чие функционирање со години на ред е во фокусот на интересот на јавноста. Освен Секретаријатот за спроведување на рамковниот договор, кој втора година по ред е единствениот имател во состав на Владата на Република Македонија што и покрај многубројните апели, укажувања и телефонски јавувања упорно го заобиколува Законот, годишни извештаи не доставија уште и: Регулаторната Комисија за енергетика, Агенцијата за промоција и поддршка на туризмот од Струга како и Агенцијата за иселеништво.

Од вкупно **111** здравствени установи до Комисијата се поднесени **63** извештаи, додека **48** субјекти не доставија извештаи. Имателите од јавните претпријатија и установи во предвидениот рок доставија **162** извештаи додека законската обврска не ја испочитуваа **137** институции. Законот го спроведоа и **340** службени лица кај институциите кои вршат образовна дејност, додека годишни извештаи не беа поднесени од **180** субјекти.

Од вкупно **86** единици на локалната самоуправа, вклучително градот Скопје, и Заедницата на единиците на локалната самоуправа, од страна на **61** општина беше доставен извештај, додека **25** општини тоа не го сторија. Извештај во законскиот рок доставија и **28** субјекти евидентирани во линкот правни и физички лица, а **9** иматели оваа обврска ја заобиколија. Од **80** –те евидентирани органи од сферата на судската власт- **60** иматели доставија извештај, додека **20** не ја исполнија законската обврска. За разлика од минатогодишниот извештај, кога бројот на доставени извештаи од страна на институциите од судската сфера достигна дури **90%**, годинава е евидентен

надолен тренд кој се должи пред се на недоставувањето на годишни извештаи првенствено од Основните јавни обвинителства. Намален број пристигнати извештаи во однос на претходната извештајна година е регистиран и кај општините.




**Графикон: Број на Годишни извештаи од имателите на информации**

Спротивно на овие негативни констатации, има зголемен пораст на доставени извештаи во останатите линкови. Најголем прогрес во оваа смисла е евидентен кај јавните претпријатија и установи кои доставиле за **12%** повеќе извештаи споредено со минатогодишниот извештај. Едукацијата спроведена од Комисијата на службените лица кај институциите пред се од образовната сфера кои се и најбројни, во оваа извештајна година резултираше со зголемување на поднесените извештаи за **10%**. Сепак, во никој случај не смее да се премолчи фактот, што дел од училиштата од скопскиот регион (особено од околните општини), како и од Тетово,

Гостивар и Куманово, веќе трета извештајна година го минимизираат значењето на Законот, на тој начин што и покрај високите прекршочни глоби, едноставно не наоѓаат за потребно да достават Годишен извештај.

Независно што процентот не е така голем, обврската за отчетност во однос на минатата извештајна година ја исполниле повеќе здравствени установи, како и правни физички лица кои вршат јавни овластувања.

Во извештаите се прикажани **4.865** поднесени барања, а имателите позитивно се произнеле по **4.522** поднесоци. Пристапот бил одбиен кај **243** барања, а по **4** барања имателите ќе постапат во оваа тековна година.




**Графикон: Постапка по барањата**

Во доставените годишни извештаи, службените лица информираат за **372** вложени жалби, а Комисијата постапила и усвоила **239** од нив. Доставените обрасци содржат податок за **156** преиначени првостепени одлуки по постапување на Комисијата, како и за **62** одбиени жалби од нејзина страна. Имателите во своите извештаи регистрирале и **32** отфрлени жалби од страна на Комисија, **3** поведени управни спорови против конечната одлука на Комисијата, како и **1** случај на молчење на Комисијата.

Службените лица од државните институции евидентирале **1995** барања, што е најголема бројка на барања од почетокот на имплементацијата на Законот. Единиците на локалната самоуправа прикажуваат рекордни **1229** примени барања. Како и досега, барателите особено се интересирале за дејноста поврзана со функционирањето на Градот Скопје, со **179** поднесени барања, а оваа година интересна за граѓаните била и работата на општините Крива Паланка со **99** и Делчево со **72** барања упатени на нивна адреса.

Судските органи примиле **478** барања, а зголемен е интересот на граѓаните и здруженијата на граѓани и фондации за работењето на јавните претпријатија и установи до кои биле доставени **342** барања, што е за **94** поднесоци повеќе во споредба со минатата година.

До здравствените установи барателите поднеле **287** барања по основ на Законот, што е за **198** барања повеќе во однос на извештајната 2011 година. Службените лица кај правните и физички лица кои вршат јавни овластувања прикажуваат **40** барања, податок кој говори за двојно помал интерес на граѓаните за работата од нивната дејност, во однос на претходниот извештаен период.




**Графикон: Вкупен број на барања поднесени до имателите**

Зголемување на барањата во однос на претходниот извештаен период е евидентно и кај образовните институции, чии службени лица информираат за **494** примени барања.

Комисијата, во својство на имател прими и позитивно одговори на **5** поднесени барања и тоа **4** од здруженија на граѓани и фондации и **1** од физичко лице.

Комисијата и за овој извештај изготви споредбена анализа која се однесува на бројот на имателите, примените извештаи, поднесените и одговорените барања од почетокот на имплементацијата на Законот заклучно со 2012 година:




**Графикон: Споредбен преглед од почетокот на примената на Законот**

### 4.1.2 Соработка со службени лица кај имателите

Поаѓајќи од сознанието дека успешната имплементација на Законот подеднакво зависи од ангажманот на Комисијата и имателите на информации од јавен карактер, во извештајната година беше ставен акцент на соработката со лицата задолжени за посредување кај имателите.

Причина повеќе за континуирана комуникација со службените лица, беше и фактот што со одлуки на одделни општински совети беа променети адресите на голем број институции евидентирани на Листата на иматели, па се наметна потребата од дополнително ажурирање на истата. За таа цел, освен секојдневните телефонски контакти и е-мајл пораки, Комисијата преку својата веб страница ги потсетуваше имателите согласно Законот да доставуваат информации за секоја настаната измена со цел навремено и прецизно ажурирање на веб порталот на Комисијата.

Јавното претпријатие „Струмица Гас“ и Националната установа „Театар комедија“ се најдоа на Листата на иматели по претходно примени барања од граѓани и по побарана правна помош за нивно решавање во Комисијата. Општинското ОУ„Св.Кирил и Методиј„ с.Иловица-Босилово и Петта приватна гимназија, како и Јавното претпријатие „Струмичко поле“ од Струмица, почитувајќи го Законот доставија податоци неопходни за нивно регистирање на Листата. Сите пет институции во определениот рок до Комисијата доставија и годишни извештаи, со што во потполност ја исполнија законската обврска.

Општина Велес и овојпат не отстапи од востановената пракса како Анекс на својот Годишен извештај да ги достави и извештаите на сите субјекти - иматели на нејзината територија. Оваа единица на локалната самоуправа заслужува да биде истакната како општина, која субјектите во нејзина надлежност ги поттикнува да го почитуваат ова демократско право и на граѓаните да им овозможат пристап до информациите од јавен карактер.

Комплетно непочитување на Законот од почетокот на неговата примена покажуваат Средното фискултурно училиште „Методи Митевски- Брицо“ и Културно информативниот центар од Скопје.

Одредени раководни лица кај некои иматели, упорно продолжуваат да не ги известуваат или пак без нивно знаење да ги менуваат службените лица, што исто така не придонесува за успешна имплементација на Законот!

Не треба да се премолчи ниту податокот кој говори дека одделни службени лица при подготовката на годишните извештаи не водат сметка за

корекциите во обрасците направени согласно последните измени и дополнувања на Законот. Поконкретно, луѓето задолжени токму за доследната примена на Законот од **триесеттина** институции доставија годишни извештаи на старите обрасци, на кои се содржани поинакви прашања од оние содржани во актуелните извештаи. Но, со оглед дека во отчетот на тие институции не беа содржани податоци за примени барања, Комисијата по укажувањето за пропустите, сепак ги зеде во предвид и овие извештаи.

### 4.1.3 Нецелосни извештаи и евидентирани неправилности

И покрај големиот број реализирани обуки, сугестии и појаснувања по телефонски пат и во електронска форма, како и укажувањата на Комисијата во директни контакти со службените лица, во 2012 година до Комисијата беа доставени **21** нецелосен извештај. Поради енормно големата бројка на прикажани барања која не кореспондира со реалноста и поради фактот што не станува збор за барања по основ на Законот, податоците содржани во овие извештаи не беа земени во предвид при подготвувањето на Годишниот извештај.

Општина Кисела Вода достави извештај во кој на самиот почеток е направена суштинска грешка, така што на местото предвидено за името на одговорното лице содржани се генералиите на службените лица. Тие информираат за **145** примени и за **81** позитивно одговорено барање, но во формуларот не е евидентиран бројот на одбиени барања.

Идентичен е пропустот од аспект на прикажаните примени и одговорени барања и во извештајот на Управата за јавни приходи до која било поднесено **51** барање. На **26** од нив бил даден позитивен одговор, **4** барања биле одбиени, додека за **21** барање нема појаснувања согласно пропишаните одредби во Законот.

Управата за хидрометеоролошки работи прикажа над **300** примени барања кои се однесуваат на дејноста на оваа институција, а згора на тоа службените лица податоците ги доставија на три посебни обрасци, што говори и за отсуство на меѓусебна координација.

Општина Теарце трета година по ред не успеа да ги воочи пропустите во поглед на законските одредби. Три барања поднесени од невладина организација се барања по основ на законот, додека останатите дванаесет прикажани во извештајот се прашања кои се однесуваат на комуникацијата на општината со останати установи и субјекти во државата и општината.

Националната установа за управување со археолошкиот локалитет Стоби-Градско во извештајот наведува бројка за **110** наводни барања по слободен пристап, а кои се однесуваат на цената на билетите, работното време на локалитетот, бројот на посетители, организирањето на групни посети и слично.

Во непознавањето на одредбите на Законот предничат одредени службени лица од образовните институции, а пред се од основните училишта. Во оваа смисла, нецелосни се **15**-тина извештаи подготвени од службени лица, кои и покрај присуството на обуки, се уште не прават разлика што се прашања од сферата на слободниот пристап, а што барања од нивниот делокруг на работа. За илустрација, за службените лица на овие институции, барања согласно ЗСПИЈК се: презентација и одбрана на проектна задача, дополнителна настава, термини за советување на родители, времетраење на претпладневна и попладневна смена, барања за преземање на работник од друго училиште, барања за запишување-преместување на ученици од друго училиште, барања примени од Министерството за образование и наука, локалната самоуправа, Бирото за развој на образование, барања од Народниот правобранител, барања за користење на слободен ден, односно неплатено отсуство од работа, за слободни простории од училиштето за одржување на бесплатни курсеви и слично.

И покрај сите претходни укажувања дел од овие извештаи се доставени без печат на институцијата и потпис на одговорното лице, а има и такви кои не само што не се евидентирани во нивната архива, туку и се пополнети и доставени до Комисијата на писмо кое што не е во службена употреба.

## 5. Јавност во работата

Комисијата настојуваше сите начини кои и беа на располагање да ги искористи за натамошна афирмација на законското право на граѓаните на слободен пристап до информациите од јавен карактер. Во оваа смисла за одбележување се четири настапи во електронските медиуми, како и информацијата која содржеше пресек на работата на Комисијата, а беше доставена до средствата за информирање на крајот од календарската 2012 година.

По повод меѓународниот ден за слободен пристап до информациите од јавен карактер - 28 септември, заменик претседателот на Комисијата учествуваше во емисија која се емитуваше директно на МТВ 2 на албански

јазик при што ја елабориираше работата на Комисијата. По овој повод имаше голема заинтересираност кај гледачите кои поставуваа прашања за тоа како да го реализираат своето право за пристап до информациите од јавен карактер.

По повод 28 септември Светскиот ден за слободен пристап до информации од јавен карактер претставник на Комисијата учествуваше во емисија на локалната телевизија „Визија" во Прилеп. Притоа беше апсолвирана темата за слободниот пристап до информации од јавен карактер, примената од законот и законското право на граѓаните да ја користат можноста да дојдат до бараната информација.

Претставник на Комисијата, гостуваше во емисијата „Пресинг" на телевизијата Алфа, при што ја запозна јавноста за постоењето на уставно загарантираното право на граѓаните да бараат и добијат информации од институциите кои располагаат со нив. Беа посочени и конкретни сугестии во функција на подигнување на степенот на имплементација на Законот во пракса од страна на службените лица.

Со Законот и легислативата уредена со него, граѓаните имаа можност да се запознаат и преку настап на претставник на Комисијата на телевизијата „24 вести". Емисијата беше од интерактивен карактер, а гледачите преку поставување на прашања можеа да се информираат за сите дилеми во врска со практикувањето на законските одредби.

## 6. Веб страница на Комисијата

Најсуштинските информации кои се однесуваат на примената на Законот и на активностите на Комисијата и нејзиниот Секретаријат, беа презентирани и достапни и на веб страната **www.komspi.mk**. Посетителите на порталот на Комисијата можеа преку соопштенија, извештаи и други видови на информации да се запознаат со тековната работа на Комисијата и преземените активности за имплементација на ЗСПИЈК, веднаш по нивното случување. Новина од суштинско значење е и изготвеното **Упатство за спроведување на Законот** поставено во посебен банер на прегледно место. Целта на овој подзаконски акт е на барателите да им овозможи побрзо и поефикасно да поднесат барање до имателот на информации и воедно на поедноставен начин да ја добијат бараната информација. Ова право е

гарантирано со Уставот на Република Македонија, а операционализирано со Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер.

Во банер е поставен и новодонесениот **Деловник** со кој се уредува начинот на работа на Комисијата, а кој е усогласен со измените на Законот врз основа на член 32 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (Службен весник на РМ бр13/2006, 86/2008 и 6/2010).

Комисијата ја продолжи востановената практика на интегрално поместување на донесените решенија и заклучоци, со што граѓаните и граѓанските здруженија кои поднеле жалба, на најбрз начин можат да се запознаат со одлуките во врска со предметите од нивен интерес.

Во функција на обезбедување на што поголема јавност во работењето, Комисијата континуирано од имателите кои имаат веб страни, но ја немаат објавено Листата на информации од јавен карактер, бараше истата да ја поместат на видно место, како и да поставаат линк до порталот на Комисијата. Службениот e-mail на Комисијата во извештајната година, беше еден од најчесто користените начини за обострана комуникација со имателите на информации, а се покажа како мошне практична алатка, пред се за доставување на Годишните извештаи.

И во оваа извештајна година, Комисијата преку анкетни прашања се стекна со дополнителни сознанија во однос на познавањето на Законот, како од страна на граѓаните, така и од лицата задолжени за посредување со информациите од јавен карактер:

1. Тестот за штетност е задолжителен особено во ситуации кога:



2. Дали одговор на барање упатено до друг имател може да даде Комисијата?




3. Годишниот извештај до Комисијата треба да се достави до:




4. Колку барања може да поднесе барател до една институција согласно Законот?




Вкупната бројка на посетители на веб страната на крајот од 2012 година се искачи на **306.750**, а дневниот број се движеше меѓу **150** и **250**

посетители. Во функција на обезбедување на поголема јавност во работењето, редовно се ажурираа податоците за работењето на Комисијата и на најпосетената социјална мрежа facebook.com

Комисијата го изготви Годишниот извештај што редовно се доставува до Собранието на Република Македонија. Истиот од страна на пратениците беше усвоен на 29-та седница одржана на петти јули 2012 година, по што овој документ беше поставен на веб страната на Комисијата на увид и детално запознавање на пошироката јавност со нејзиното работење.

Перманентната грижа за остварување на правото на слободен пристап до информациите од јавен карактер резултираше и со целосна реализација во предвидените рокови на активностите и содржините зацртани во Програмата за работа на Комисијата во 2012 година. Исто така, врз база на донесената Програма за волонтери и практиканти, во извештајната 2012 година, согласно прописите за волонтерство, во Комисијата беа ангажирани четворица волонтери.

Република Македонија се приклучи кон проектот „Отворено владино партнерство", иницирал од Соединетите Американски Држави и Бразил, со што ќе се подобри ефикасноста во работењето на државните институции, се зголемува транспарентноста и пристапот до информации, зајакнува борбата против корупцијата и се обезбедува висок квалитет на јавните услуги за граѓаните и бизнис заедницата, преку искористување на моќта на технологијата и иновациите. Во Република Македонија носител на проектот е Министерството за информатичко општество и администрација. Комисијата е партнер во делот на обуките на службените лица во институциите, за полесно да ги објавуваат информациите без притоа да прекршат нечие право. Со имплементирање на проектот, секој имател кој располага со податоци од јавен карактер е должен да преземе конкретни чекори и мерки со кои информациите од јавен карактер кои ги поседува и со кои располага ќе ги направи достапни во подготвени формати и тоа:

- Објавување на податоците од јавен карактер во необработен формат и компјутерски искористлив формат на веб страниците;
- Оставање можност за преземање, индексирање, повторно користење и пребарување на јавните податоци, како и
- Редовно ажурирање на податоците кои ги поседуваат и со кои располагаат имателите

Паралелно со подготвувањето на Годишниот извештај, Комисијата во соработка со Министерството за информатичко општество и администрација, дистрибуираше до имателите на информации од јавен карактер и Прашалник за спроведување на проектот „Отворено владино партнерство". Прашалникот се состоеше од седум прашања за карактерот на поднесените барања, дали

имателите поседуваат база на податоци и како тие се чуваат, дали се објавени на веб страниците, колку време им одзема постапувањето по барања на информации по основ на Законот, дали некои прашања се повторуваат, дали доколку на веб страниците ги имаат објавено податоците ќе им заштеди време за обработка на истите, дали со објавувањето на податоците би можело да се очекува поефикасно решавање на пристигнатите барања и дали со објавување на податоците на веб страницата би се заштедил труд и време за да се обезбеди одговор по доставените барања.

Според лицата задолжени за посредување со информациите од јавен карактер, несомнено дека објавувањето на податоците на веб страна би им ја олеснило работата при постапување по доставените барања од граѓаните и граѓанските здруженија.

Дел од испитаниците одговорија дека до нивните институции од почетокот на имплементацијата на Законот не било доставено ниту едно прашање, па затоа и не можат да се произнесат каков би бил ефектот од објавувањето на податоците на веб страните на субјектите кои ги претставуваат.

Голем дел од имателите, впрочем како што покажаа и Годишните извештаи, не ги разликуваат барањата поднесени по основ на Законот за слободен пристап до информациите и барањата кои се од секојдневниот делокруг на нивната работа. Исто така, најголем дел од службените лица наведоа дека нивните институции немаат веб страници, така што и кога би сакале не се во можност да ги објават податоците во таква форма.

## 7. Обуки и едукација

Потполно свесна за огромното значење на обуките, Комисијата вложи голема енергија и труд за едукација како на лицата кои директно работат на имплементација на Законот, така и на граѓаните за полесно да можат да го искористат правото за пристап до информациите од јавен карактер. Слободниот пристап до информациите е релативно ново демократско право за граѓаните, но и за лицата задолжени за посредување со информациите, па оттаму се налага потребата за што поголем број на обуки, кои ќе придонесат за поквалитетна примена на Законот, а воедно и за потемелно запознавање со законските одредби.

Поаѓајќи од овие сознанија, Комисијата, организираше и реализираше низа обуки и семинари, самостојно или како коорганизатор со меѓународни организации, државни и други институции.

Во периодот од 9 февруари до 14 јуни беа одржани **15** обуки, зацртани во Годишната програма за едукација на службени лица кои посредуваат со

информации од јавен карактер. Обуката на тема: „Правото на слободен пристап до информации од јавен карактер„ ја реализираа обучувачи од Комисијата, а целни групи беа службени лица од државните институции, основните и средните училишта од скопските општини, службени лица од јавните претпријатија и општините од Скопје и околината, лица задолжени за посредување со информациите од јавен карактер од здравствените установи, како и правни лица кои вршат јавни овластувања. Покрај краткиот историјат за развојот на правото за слободен пристап до информации во Македонија и претставувањето на ЗСПИЈК, преку објаснување на членовите од Законот и терминологијата, посетителите на обуката детално беа запознавани и со постапката по барање информација од јавен карактер, жалбената и прекршочната постапка, како и со обврската на имателите на информации да подготват Годишен извештај.

Комисијата во соработка со Мисијата на ОБСЕ во Скопје, во периодот мај-јуни реализира четири работилници на тема: „Остварување на правото за слободен пристап до информации од јавен карактер, граѓанско учество во донесување одлуки и комуникациски вештини“. Со проектот беа опфатени 27 општини во Република Македонија со мешан етнички состав, застапени со околу 80 претставници од Здруженија на граѓани и фондации, од медиуми, како и службени лица и советници од единиците на локалната самоуправа. Според мислењата на учесниците на обуките искажани во прашалниците за евалуација, работилниците ги исполниле нивните очекувања, ги зголемиле нивните знаења и истите ќе им бидат од полза за нивната работа.

Во рамките на наставната програма на Државниот универзитет во Тетово, група студенти од Правниот факултет ја посетија Комисијата, при што беа запознаени со работата на Комисијата и со досегашната примена на Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер во Република Македонија. Оваа своевидна работилница беше изведена во рамките на предавањата по предметот Правда и внатрешни работи на ЕУ.

Соодветна обука беше организирана и за студенти од Високата школа за новинарство и односи со јавноста од Скопје.

Комисијата во соработка со академијата за судии и јавни обвинители одржа четири семинари и обуки, од сферата на слободниот пристап. На едукативните средби учествуваа претседатели и судии од апелационите и основните судови, претставници од основните јавни обвинителства, судски службеници од апелационите подрачја Скопје, Гостивар и Штип, како и судии и советници од Управниот и Вишиот управен суд.

Во функција на продлабочување на соработката поврзана со развојот и имплементацијата на правото за слободен пристап до информациите од јавен карактер првите луѓе на Комисијата и на Академијата за судии и јавни

обвинители, потпишаа Меморандум за соработка. Со овој документ, двете страни се обврзаа и во идинина заеднички да организираат континуирани обуки на судиите, јавните обвинители и на други целни групи, кои директно учествуваат во спроведувањето на Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер.

Исто така, претседателот, членови на Комисијата и на нејзиниот Секретаријат беа предавачи, презентери или активни учесници на трибини, работилници, тркалезни маси и други собири во организација на други државни органи, меѓународни организации или невладини здруженија. На „Форумот за децентрализацијата и доброто владеење во локалната самоуправа“ одржан во организација на ОБСЕ, претседателот на Комисијата изрази задоволство што во Извештајот е посветен простор и на слободниот пристап до информациите, дотолку повеќе што било оценето дека е мошне важен во комуникацијата меѓу граѓаните и општинската администрација.

На специјалната обука на тема „Управување со судовите во услови на финансиска криза“, наменета за претседатели на судови и судски администратори од Република Македонија реализирана во рамките на проектот на УСАИД за јакнење на судството, претседателот на Комисијата одржа презентација на тема „Барање за слободен пристап кон јавни информации“.

Претставник на Комисијата учествуваше на панел дискусијата посветена на потребата од поголема примена на пристапот до информациите од јавен карактер во функција на поквалитетно информирање од страна на медиумите. Со овој настан всушност почна реализацијата на проектот „Пристапот до информации-извор за поквалитетно информирање“, финансиран од Европскиот инструмент за демократија и човекови права (ЕИДХР), кој го спроведуваат Центарот за граѓански комуникации во соработка со Access Info Europe и Балканска истражувачка мрежа БИРН. Предочено беше дека пропишаните рокови за давање на информациите од страна на имателите се усогласени со европските стандарди, а обуките кои се во тек треба да овозможат поголема едукација на лицата задолжени за посредување со информациите од јавен карактер.

Претставници на комисијата учествуваа на тркалезната маса на тема: „Изградба на капацитетот на локалната самоуправа“, во организација на Мисијата на ОБСЕ во Скопје. Целта на тркалезната маса беше заокружување на одржаните обуки во локалната самоуправа организирани од ОБСЕ во 2011 година, постигнатите резултати и донесените заклучоци за истите.

Претставник на Комисијата учествуваше во реализацијата на обуката „Системот на јавната администрација и државна служба во Република Македонија“. Обуката која Министерството за информатичко општество и

администрација ја спроведе согласно Годишната програма за генеричка обука, беше наменета за стручни државни службеници вработени во текот на 2011 година, а имаше за цел запознавање на нововработените лица со целокупниот систем на државната служба во Република Македонија.

## 8. Меѓународна соработка

Соработката со сродните институции на меѓународен план во извештајната 2012 година почна со Меморандумот за соработка потпишан од Претседателот на Комисијата и Комесарот за информации на Република Словенија, Наташа Пирц. Со овој документ двете институции се обврзаа да ја развиваат соработката на полето на заштитата на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер, со почитување на законодавството на своите држави и со почитување на потребите и конкретните можности. Договорено е Меморандумот да послужи како основа за склучување на спогодби и договори кои ќе придонесат во развојот на соработката на конкретни подрачја на дејствување, како и заедничко залагање за добивање на финансиска поддршка од меѓународни извори за реализација на соработката на активностите предвидени во овој документ.

Делегација составена од експерти на Оценската мисија СИГМА, предводена од Симон Цејмс, ја посети Комисијата при што доби детален приказ на шестгодишното работење на Комисијата и се заблагодари на сеопфатниот извештај и на претходно добиените пишани статистички и други материјали.

На барање на Комисијата беше остварена средба и со делегација на Амбасадата на САД во Република Македонија, предводена од г-ѓа Џесика Џон. Во разговорот со Претседателот, таа истакна дека постигнатите резултати на Комисијата се за респект и дека во интерес на остварувањето на едно од основните човекови фундаментални права е натамошната размена на искуствата меѓу двете земји во оваа сфера.

Комисијата беше посетена и од делегација на Европската Комисија, предводена од Елвис Али. Целта на средбата, која всушност претставуваше продолжение на експертската мисија на Оценската мисија СИГМА, беше продолжување на дијалогот на работно ниво, заради запознавање со состојбите во Комисијата, чии резултати по доставувањето до Европската Комисија, станаа составен дел од нејзиниот Извештај.

Соработката со Мисијата на ОБСЕ во Скопје беше продлабочена со Меморандумот за соработка потпишан од амбасадорот Ралф Брет и Претседателот на Комисијата. Со меморандумот, беше предвидено да се отпочне со проект со кој ќе се опфатат 22 етнички мешани општини, и со

него да се придонесе за подобрување на ефикасноста во работењето и транспарентноста на општините, пред се од аспект на навремено одговарање на барањата за пристап до информациите од јавен карактер. Амбасадорот, нагласи дека активностите на Комисијата поддржани од Мисијата на ОБСЕ во Скопје, ќе бидат поттик за поголема институционална одговорност и отчетност, што ќе резултира и со зголемување на транспарентноста, но и со поголемо учество на граѓаните во остварување на ова уставно загарантирано право.

Во организација на Европската Комисија преку инструментот TAIEX, а во соработка со Комисијата се одржа дводневна Експертска мисија на тема: „Компаративни искуства од жалбената постапка и улогата на комисионерите, комисиите и другите тела во посредувањето со информациите од јавен карактер". Покрај експертот од Романија Јон Галеа, членовите на Комисијата и вработените во Секретаријатот, на неа учествуваше и службеното лице од основниот суд Скопје 1. Претставници од Комисијата го презентираа македонското искуство во спроведувањето на жалбената постапка согласно Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер, осврнувајќи се на специфични случаи.

Експертот Јон Галеа, Генерален директор на правниот оддел во Министерството за надворешни работи на Република Романија, говореше на тема „Жалбена постапка во согласност со Романскиот Закон за слободен пристап до информации од јавен карактер од 2001 година", Тој се осврна и на компаративните искуства при жалбената постапка, преку презентација на специфични студии на случај од аспект на романското искуство, но и пошироко. Во Романија, за разлика од Македонија, нема посебна Комисија задолжена за имплементација на слободниот пристап до информациите од јавен карактер и за постапување по жалбите, а главната контрола е во надлежност на судовите.

Преку инструментот TAIEX, претставници од Комисијата, реализираа работна посета на Република Естонија. Притоа беа остварени средби во Канцеларијата на Академијата за е-владеење и Инспекторатот за заштита на личните податоци, на кои се дискутираше на темата "Системот на електронски пристап до информации од јавен карактер и неговата имплементација во Република Естонија". Претставниците од сродните институции од двете земји имаа можност да разменат искуства и знаења со цел да се унапреди пристапот до информациите од јавен карактер во согласност со новите технолошки достигнувања и истиот да се имплементира во Република Македонија по примерот на Естонија.

Претседателот на Комисијата и директорот на Инспекторатот за заштита на личните податоци на Република Естонија, Виљар Пеп, потпишаа

и Меморандум за соработка со цел да ја зајакнат соработката меѓу двете институции. Со овој акт двете институции го утврдија начинот и формите на соработка за прашањата поврзани со унапредување на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер.

По повод меѓународниот ден за слободен пристап до информации „ИМАМ ПРАВО ДА ЗНАМ", на 28 септември 2012 година, се одржа работилница за критериумите на тестот на штетност со цел утврдување на исклучоците на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер, во организација на Европската Комисија преку инструментот TAIEX. Покрај членовите на Комисијата, вработените во нејзиниот Секретаријат, како и предавачи од Обединетото Кралство, Република Ирска и од Република Словенија, во работата на овој Собир активно партиципираа и претставници и службени лица за посредување со информации од јавен карактер од Министерството за правда, Генералниот секретаријат на Владата на РМ, Секретаријатот за спроведување на рамковниот договор, Општините во Република Македонија, Одделенијата за катастар на недвижности и пртставници од невладиниот сектор.

Претседателот на Комисијата и Комесарот за информации на Обединетото Кралство, Кристофер Грахам, потпишаа и разменија писмо за соработка меѓу двете институции. Во документот меѓу другото, Канцеларијата на Комесарот за информации изразува подготвеност за поддршка на Комисијата во остварувањето на заедничката цел- обезбедување на потранспарентно и поодговорно општество. Двете институции, со потпишувањето на писмото се обврзаа секогаш кога е можно взаемно да се поддржуваат и да разменуваат информации, позитивни искуства од праксата и други видови на соработка со цел унапредување на правото за слободен пристап до информации од јавен карактер.

Делегација на Комисијата, престојуваше во работна посета на Канцеларијата на Федералниот Комисионер за заштита на личните податоци и слобода на информирање во Берлин. Во рамките на посетата во организација на Европската Комисија преку инструментот TAIEX, стана збор за исклучоците за слободен пристап во македонската и германската легислатива, како и за имплементацијата на законите за слободен пристап до информациите од јавен карактер во двете земји.

Комисијата беше повикана од страна на соодветната институција од Косово за отпочнување на соработка и размена на искуства. Во таа насока беа остварени контакти од страна на заменик претседателот на Комисијата со претставници од сродните институции од Република Косово и Република Албанија.

Претставници на Комисијата, учествуваа и на Работилница за слободниот пристап до информации од јавен карактер што се одржа во Даниловград, Црна Гора. На работилницата во организација на RESPA-Регионална школа за јавна администрација, учествуваа и претставници од Црна Гора, Србија, Хрватска, Албанија, Босна и Херцеговина и од Косово. Поаѓајќи од начелото дека пристапот до информации е од суштинско значење за секое демократско општество и воедно значајна алатка на демократијата, учесниците извршија широка размена на мислења за правото на пристап до информации, транспарентноста, човековите права и отвореноста на административните процедури, како и за степенот на имплементацијата на законите во земјите од кои доаѓаат.

# 9. Администрација, човечки ресурси и буџет

## *9.1 Администрација*

Управните, стручните и другите административно–технички работи, согласно Законот, ги врши Секретаријатот на Комисијата. Според Правилникот за внатрешна организација и Правилникот за систематизација на работните места во Секретаријатот на Комисијата, формирани се два сектора: Сектор за спроведување на постапка по жалби, правни, општи, едукативни и аналитички работи и Сектор за соработка со имателите на информациите, информирање на јавноста и меѓународната соработка на полето на слободниот пристап до информации од јавен карактер. Според наведените правилници, систематизирани се **44** работни места**,** од кои пополнети се само **14**. Единаесет вработени се со високо образование, двајца вработени се со средно образование од кои еден нема статус на државен службеник. По квалификациона структура шест од вработените се дипломирани правници, тројца со Филолошки факултет, еден со Филозофски факултет и еден дипломиран новинар. Од вкупниот број вработени осум **(8**) се Македонци, а шест **(6)** Албанци.

| | **Систематизирани работни места** | **Пополнети работни места** | **Процент од вкупен број на вработени** | **Високо образов.** | **Средно образов.** |
|---|---|---|---|---|---|
| **Македонци** | | **8** | **57.14 %** | **6** | **2** |
| **Албанци** | | **6** | **42.85 %** | **5** | **1** |
| **Вкупно** | **44** | **14** | | **11** | **3** |

- **Еден (1) вработен во Комисијата е без статус на државен службеник**

### *9.2 Човечки ресурси*




### *9.3 Буџет*

Средствата за работа на Комисијата се обезбедуваат единствено од Буџетот на Република Македонија. Истите, во текот на извештајната 2012 година, ни од далеку не беа доволни за извршување на законските надлежности на Комисијата.

Поради ограничениот буџет Комисијата не успеа да реализира проект за организирање на бесплатни обуки во општините ширум државата. Заради делумно извршување на ваквата законска обврска, Комисијата беше принудена да се вклучи во проект финансиран од страна на Мисијата на ОБСЕ во Скопје. Исто така изостана и планираната медиумска кампања за

запознавање на граѓаните со нивното уставно загарантирано и нормирано право на пристап до информациите од јавен карактер, како и објавувањето на Листата на иматели на информации согласно Законот.

Доколку не беше искористен TAIEX инструментот, поради финансиски причини не ќе беа реализирани ни остварените посети од страна на европски експерти од областа, ниту пак контактите со сродни институции од земјите од регионот и државите од Европската Унија.

Посебно треба да се потенцира дека структурата на вработените во Комисијата, нивната стручна квалификација и бројна состојба, не покажува дека постои доволен кадар за квалитетно и навремено извршување на задачите и активностите наведени во Законот и создава сериозни проблеми за нормално функционирање на Секретаријатот на Комисијата.

Од друга страна, Комисијата во 2012 година беше соочена со тројно зголемен обем на работа и со целосно застарена техничка опрема која, патем речено, е принудена се уште да ја користи.

Комисијата, која мораше да се обврзе во Буџетот да обезбеди средства за надомест на комунални и други услуги, бидејќи почнувајќи од 01.01.2009 година истите и се ускратени од страна на Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Македонија, тоа неможе да го спроведе во пракса. И покрај барањата од страна на Комисијата со буџетските циркулари повеќе години station наназад да се обезбедат доволно средства на ставката комунални услуги, греење, комуникација и транспорт, како и покрај „ослободувањето“ од половината од доделениот деловен простор, поради недостиг на средства на конто 421 Комисијата има големи финансиски проблеми при подмирувањето на тековните обврски.

И покрај крајното рестриктивно и планско подмирување на достасаните обврски Комисијата 2012-та година ја заврши со неподмирени обврски во износ од 1.416.236,00 денари за комунални и договорни услуги.

Во 2009 година, против Комисијата беа поднесени две тужби, од Ј.П. „Комунална хигиена„- Скопје за долг во вредност од 49.864,оо денари и од „Топлификација„ А.Д.– Скопје за долг во вредност од 883.166,оо денари. Постапките по двете тужби не се завршени.

И покрај горенаведените околности, Комисијата со големи дополнителни напори успеа да ги изврши своите основни законски обврски и надлежности.

| БУЏЕТ | ВКУПНО | Плати, наемнини и надоместоци | Стоки и услуги |
|---|---|---|---|
| 2007 | 15.676.000 | 10.545.000 | 5.222.000 |
| 2008 | 15.500.000 | 10.500.000 | 4.940.000 |
| 2009 | 16.373.000 | 10.993.000 | 5.220.000 |
| Ребаланс | 14.611.000 | 10.799.000 | 3.654.000 |
| 2010 | 12.245.000 | 9.035.000 | 3.210.000 |
| Ребаланс | 11.245.000 | 8.475.000 | 2.834.000 |
| 2011 | 11.710.000 | 8.480.000 | 3.230.000 |
| * Прераспределба на средства... | 12.205.021 | 9.225.021 | 2.706.987 |
| 2012 | 11.891.000 | 9.021.000 | 2.870.000 |
| Ребаланс<br>реализирано | 12.970.000<br>12.821.975 | 9.700.000<br>9.751.415 | 3.270.000<br>3.070.560 |

- **Завршната сметка за 2012 година за сметката 637** на Комисијата е прифатена на 28.02.2013 година, со следните показатели:

Вкупен буџет за 2012 година – 12.970.000,00 денари.
Остварен вкупен приход (трансфери од Буџетот на РМ) … 12.821.975,00 ден.
Остварени вкупни трошоци… 12.821.975,00 ден.
Нето вишок на приходите…… 0,00 ден.
Добивка пред оданочување….. 0,00 ден.
Данок од вишокот на приходите…. 0,00 ден.
Нето вишок на приходите ….. 0,00 ден.
Добивка за пренос во наредната година ….. 0,00ден.

Од вкупниот одобрен буџет на Комисијата за 2012 година во износ од 12.970.000,00 денари, реализирани се 98,86 %,односно 12.821.975,00 денари.

Во однос на структурата на Буџетот со сите одобрени пренамени на средства во текот на 2012 година, 9.751.415,00 денари, или 76,05 % од средствата се однесуваат на основни плати и придонеси за социјално осигурување, 3.070.560,00 денари, или 23,95 % од средствата се однесуваат на стоки и услуги, или подетално по конта:

| | |
|---|---|
| 401- основни плати | 7.107.120,00 денари, |
| 402-придонеси | 2.644.295,00 денари, |
| 420- патни и дн.расх | 100.228,00 денари, |
| 421- комунални услуги | 2.461.710,00 денари, |
| 423- материјални расходи | 77.212,00 денари, |
| 424- поправки и услуги | 151.065,00 денари, |
| 425- договорни услуги | 114.165,00 денари, |
| 426- други тековни расходи | 68.814,00 денари, |
| 464- разни трансфери | 42.000,00 денари, |
| 465- исплати по изв.испр. | 55.366,00 денари. |

---

Сите расходи : 12.821.975,00 денари

- **Завршната сметка за 2012 година за сметката од типот 631** на Комисијата е прифатена на 28.02.2013 година со следните показатели:

  Во 2012 година не се евидентирани никакви промени во сметката од типот 631, односно состојбата на жиро сметка односно состојбата на сметката изнесува пренесено салдо 6.317.305,00 денари:

| | |
|---|---|
| Вкупен буџет за 2012 година – | 0,00 денари, |
| Остварен вкупен приход (трансфери од Буџетот на РМ) … | 0,00 денари, |
| Остварени вкупни трошоци… | 0,00 денари, |
| Нето вишок на приходите…… | 0,00 денари, |
| добивка пред оданочување….. | 0,00 денари, |
| Данок од вишокот на приходите…. | 0,00 денари, |
| Нето вишок на приходите ….. | 0,00 денари, |
| добивка за пренос во наредната година ….. | 0,00 денари. |